# МРТ ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ

ИЗВЕШТАЈ 6

**ИЗБОРИ 2016** МОНИТОРИНГ НА ИНФОРМАТИВНАТА ПРОГРАМА НА МРТ1

Предмет на набљудување:

**Дневник 2**



ПЕРИОД
**2, 13 и 17 декември 2016**
**28, 30 јануари**
**1 март 2017**

## ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК

МРТ1 НЕ ЈА ИСПОЛНУВА ДОВОЛНО СВОЈАТА ЗАКОНСКА ОБВРСКА ДА БИДЕ ЈАВЕН СЕРВИС НА СИТЕ ГРАЃАНИ. СЕРВИС КОЈ ГРАЃАНИТЕ ПОСТОЈАНО, ВИСТИНИТО, ЦЕЛОСНО, НЕПРИСТРАСНО, ПРАВЕДНО И НАВРЕМЕНО ЌЕ ГИ ИНФОРМИРА, ЌЕ ЈА ДОБИЕ НИВНАТА ДОВЕРБА И ЌЕ ГО ЗАСТАПУВА И ШТИТИ ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС.

## КАКО ИЗВЕСТУВАШЕ МРТ1 ПОСЛЕ ИЗБОРИТЕ?

- МРТ1 постепено го напушта формално неутралниот и балансиран пристап во известувањето.
- Ова отклонување станува се поизразено како што се продлабочува и заострува политичката и институционалната криза во државата.
- Иако во вестите се застапени главните партиски, политички и институционални актери, сепак, забележлива е честа доминација на ставовите и позициите на власта и владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ.

ПРИМЕР ЗА ТОА Е ИЗВЕСТУВАЊЕТО НА МРТ1 ОД 1 МАРТ, КОГА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ИВАНОВ ОДБИ ДА МУ ГО ДОДЕЛИ МАНДАТОТ НА ЛИДЕРОТ НА СДСМ. ЦЕЛОТО ИЗДАНИЕ НА ДНЕВНИКОТ 2 БЕШЕ КОНЦИПИРАНО ДА МУ ДАДЕ ПОДДРШКА НА ПОТЕГОТ НА ИВАНОВ ЗА БЛОКИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОСТАВУВАЊЕ НОВА ВЛАДА.

- Гледачите на јавниот сервис редовно се информирани за критиките кон опозицијата, но не и за критиките кон власта која останува заштитена од критики на јавниот сервис.
- Во централните информативни изданија на МРТ1 доминира известување кое е најчесто само трансмисиско и без каков било дополнителен новинарски ангажман и без дополнителна обработка на темите од клучно општествено-политичко значење.
- Неангажираното трансмисиско информирање на граѓаните претставува modus operandi на јавниот сервис кој оди најмногу во прилог на носителите на државните функции.
- МРТ1 не консултира доволно независни стручни лица и аналитичари
- Критичките ставови на граѓанскиот сектор кон општествено-политичките случувања се застапени спорадично и на „помеки“ теми.
- За социјалните и економските теми од интерес на граѓаните претежно се известува низ призма на позитивна промоција на активностите на институциите и на власта.

НВО ИНФОЦЕНТАР

Да го погледнете целиот извештај кликнете овде.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА